РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08. 776/4
30.10. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
СВЕТИ НИКОЛЕ - Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| ПРИМЕНО | 07.11.24 | | |
|---|---|---|---|
| ОРГ. ЕДИН. | БРОЈ | ПРИЛОГ | ВРЕДНОСТ |
| 03 | 198/1 | | |

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа студиската програма од прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност при работа“ на Факултет за технички науки и информатика при Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската од прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност при работа“ на Факултет за технички науки и информатика при Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-1591/8 од 08.10.2024 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за технички науки и информатика при Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе, се обрати со барање бр.03-174/2 од 10.10.2024 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.08-776/1 од 14.10.2024 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност при работа“ на Факултет за технички науки и информатика при Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-776/2 од 15.10.2024 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 24.10.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-776/3 од 28.10.2024 година, каде е наведено дека за студиската од прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност при работа“ на Факултет за технички науки и информатика при Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/DREJTOR,**
**Dr. Rasim Zuferi**

Доставено до:
- Високообразовната установа;
- Архивата на АКВО

изработил: Милена Ефремовскаа
одобрил: Севгил Муртези

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT